# Приказ на Ирена Стефоска „Словените на почвата на Македонија“ (од VII до почетокот на X век), *Сигмапрес*, Скопје, 2002

Елена Цукеска
Философски факултет, Скопје
eldz@freemail.com.mk

Книгата „Словените на почвата на Македонија“ (од VII до почетокот на X век) од Ирена Стефоска, којашто сакаме да ви ја презентираме во оваа прилика претставува делумно изменета и дополнета магистерска теза, одбранета во 2001 г. на Универзитетот во Белград.

Целта на истражувањето како што објаснува авторката во уводот (7-13 стр.) се склавиниите во Македонија, нивната појава, структура и уредување и нивното функционирање во византиското општество. Хронолошката рамка на истражувањето е определена од изворниот материјал: VII, VIII, IX и почетокот на X век. Изворите за периодот што се истражува се фрагментирани и еднострани зашто материјалот главно е од византиска провениенција, сепак пристапувајќи им преку еден систем на различни перспективи авторката тргнува во потрага по познанието за феноменот на склавиниите на Македонија како што вели самата.

За успешно применетиот систем на различни перспективи зборува и структурата на книгата. Имено, секоја од трите глави на главното излагање претставува во исто време и хронолошка и тематска целина, односно ни отвора по еден аспект од истражувањето. Секоја глава претставува завршена целост, но во исто време и нераскинлив дел од една поголема слика, која за читателот станува потполна дури со заклучокот.

Првата глава насловена: *Словените и Аварите на Балканот и во Византија: Barbari contra Romanos* (15 - 24 стр.) сликовито ги опишува состојбите во VI век. Во првиот дел: *Империјата во VI век: време на сништа*, акцентот е ставен на генералната ситуација во која се наоѓала веќе поделената римска империја. Во вториот дел *Доаѓањето на Словените на Балканот: In Aurora Orbis Byzantinoslavici*, станува збор за конкретните околности поврзани со доаѓањето на Словените на Балканот, за нивните врски со Аварите и првите контакти со Ромеите.

Втората глава: *Словените на просторите на Македонија: приказна без крај* (25 - 84 стр.) детално ги третира склавиниите на територијата на Македонија од сите аспекти. Во првиот дел: *Македонија во VI и почетокот на VII век*, пред нас е Македонија во времето на доаѓањето на Словените, како климатски и географски регион, како дел од административниот систем на рана Византија, како мост меѓу источниот и западниот дел од Империјата. Накратко кажано, во овој дел авторката се обидува да покаже што е она што ги привлекло Словените да се населат токму во овој регион.

Во вториот дел: *Населување на словенските племиња во Македонија и нивната местоположба* живописно се реконструирани историските факти во врска со населувањето на Словените во Македонија. Авторката се задржува на проблемите поврзани со датирањето на првите опсади на Солун и на вториот бран инвазија што ги довел Словените до Пелопонез. Потоа пристапува кон идентификација и локализација на Словенските племиња: Драгувитите и Сагудатите во Солунско поле, помеѓу Солун и Верија; Велегзитите во Тесалија; Верзитите во денешна централна и западна Македонија; Вајунитите во Епир; Ринхините веројатно на Халикидик и Стримонците помеѓу горниот и средниот тек на реката Стримон.

Третиот и последниот дел од втората глава: *Склавиниите: форма и начин на живот*, нè води во средиштето на истражувањето. Авторката се обидува да даде одговор на прашањата поврзани со материјалната култура на Словените, нивната социјална организација, цивилизациското ниво на кое се наоѓале. Особено важен научен придонес претставува прегледот на употребата на поимот склавинија кај Византиските автори, кој покажува дека поимот првобитно означувал област населена од Словени, а потоа се користел и во функција на топоним и етноним. Анализата покажува дека склавинијата како заедница на луѓе од исто потекло, нужно претставувала и социјална структура.

Заедниците на Словените - склавиниите не биле воени демократии како што сметаат некои научници, туку биле структурирани според сегментно-територијален принцип. Еден сегмент – село, семејство, клан се надоврзувал на друг во рамките на племето како основна политичка единица на чело со рекс. Повеќе племиња, повеќе рурални агломерации сочинувале една склавинија на чие чело бил архонтот. Животот и развојот на склавиниите не бил воедначен, оние што живееле во рамниците, Драгувитите, Велегзитите, Ринхините се занимавале со земјоделство и имале поголеми контакти со цивилизацијата, Стримонците и Верзитите што живееле во планина, имале помали контакти. Процесот на социјално раслојување и на акултурација бил поизразен кај првата група.

Третата глава од оваа интересна книга, насловена: *Реакција на Византија во однос на словенското „освојување на Балканот"* (85 - 130 стр.) претставува поглед на словенската инвазија на Балканот од аспект на Византија, поточно поглед настаните низ призмата на моделот "Ние и Другите". Во првиот дел од оваа глава, *Византија и односот кон "Другиот"* добиваме слика за тоа како византиските автори гледаат на Словените. Анализата на нивните цитати покажува дека Византијците се сметале себеси за супериорни во однос на Словените, но ако се погледнат воените и политичките акции што ги превземала Византија во Македонија станува јасно дека односот на Византија кон "Другиот" секогаш бил амбивалентен, во исто време проткаен со супериорност и со толеранција.

Вториот дел од третата глава, *Политичките и воените акции на Византија во Македонија* ги прикажува фактите што го потврдуваат тоа.

Во 7 в. во Византија е воведен тематскиот систем на управа, систем на теми - воени окрузи управувани од воени стратези. Византијците во текот на 7, 8 и 9 в. постојано превземале акции против склавиниите, но тие акции не биле насочени кон

уништување, туку кон инкорпорирање на Словените во царството. До 9 в. склавиниите постепено станале дел од тематскиот систем.

Воспоставувањето на византиска управа на словенските територии ја достигнало својата кулминација со христијанизацијата на Словените, со нивното вклопување во идеолошкиот систем на Византија. За тоа станува збор во третиот и последниот дел од третата глава, *Христијанизација на Словените во Македонија: од пагани кон христијани*. Како што истакнува авторката, христијанизацијата на Словените била всушност процес. Словените првите контакти со христијанството ги имале преку месното население, кое било упатено во христијанските култови. Христијанството не се ширело со иста динамика кај сите Словени. Драгувитите веројатно биле првите Словени кои влегле во состав на црквата и веројатно нивниот јазик послужил како норма за преведување на литургиските книги од грчки на словенски. Можеби токму нивната архонтија била словенското кнежевство во кое според *Житието* бил пратен Методиј во првата половина од 9 в., а не како што претпоставува Тахиаос - заедницата на Словените во Мала Азија. Покрстувањето на Словените во Централна Македонија пак, главно се случувало за времето на Климент и Наум во 9 в.

Излагањето за склавиниите на територијата на Македонија својот логички крај го има во заклучокот (131 - 136 стр.), а книгата е заокружена како комплетно научно дело со библиографијата (137 - 138 стр.) што е всушност преглед на изворите, прегледот на литературата (139 - 149 стр.) и индексот (150 - 159 стр.).